РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-745/6
25-03-2026

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и членот 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 29-та седница, одржана на 10.03.2026 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 09-745/1 од 10.02.2026 година, оформен по поднесена пријава за судир на интереси против службените лица ___________, комисионер - надворешен член на _________________ на Република Северна Македонија и _________ комисионер ( член) на ___________________ на Република Северна Македонија, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај од причина што предметната постапка е во тек пред надлежен орган, а наводите од пријавата произлегува дека приватниот интерес во конкретниот случај е во исклучива надлежност на _____________________.

Предметот со број 09-745/1 од 10.02.2026 година како завршен да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК, во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на пријава поднесена од познат подносител, во Државната комисија за спречување на корупцијата е оформен предмет број 09-745/1 од 10.02.2026 година во Одделението за судир на интереси, со наводи дека лицата _____________ и ___________, комисионери во ____________ на Република Северна Македонија, се наоѓаат во судир на интереси при вршењето на својата функција, што наводно влијае врз објективното и непристрасно вршење на нивните јавни овластувања и должности.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Во пријавата се наведува сомневање за постоење на судир на интереси поврзан со купопродажба на акции од издавачот __________, извршена кон крајот на 2024 година. Подносителот на пријавата наведува дека син на комисионерот __________ е вработен кај едно од правните лица купувачи на акциите, односно во __________, додека за комисионерот __________ се тврди дека се стекнал со акции во наведеното акционерско друштво.

По разгледување и анализа на наводите во пријавата и релевантната позитивна законска регулатива, ДКСК го утврди следното:

Во однос на комисионерот __________, за кој во пријавата се наведува дека неговиот син е вработен во правно лице кое во конкретниот случај се стекнало со акции, со оглед на наводот дека неговиот син е вработен во посоченото правно лице и доколку истиот не зазема управувачка функција и нема овластување за одлучување во правното лице, ниту пак има сопственички удел во наведениот правен субјект кој се стекнал со акции, согласно одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ваквата состојба не претставува приватен интерес кој би можел да влијае врз објективното и непристрасно вршење на јавните овластувања и должности на комисионерот во конкретниот случај.

Во однос на комисионерот __________, за кој во пријавата се наведува дека се стекнал со акции од издавачот __________ за чија продажба на акции треба да расправа __________ во конкрертниот случај, истото било/е должно таквиот интерес да го пријави во __________ на Република Северна Македонија, согласно член 187 став 1 од Законот за хартии од вредност на седница на комисијата на која е разгледувано или ќе биде разгледувано и одлучувано по прашањето на кое се однесуваат наводите од пријавата.

Имено со член 187 став 1 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ" бр. 95/05, 25/07, 7/08, 57/10, 135/11, 13/13, 188/13, 43/14, 15/15, 154/15, 192/15, 23/16, 83/18 и 83/18 и „Службен весник на РСМ," бр. 31/20, 288/21, 53/24 и 03/25) е предвидено дека:
*„ (1) Претседателот, односно комисионерот кој има интерес за некое прашање за кое треба да расправа и одлучува Комисијата е должен да ја открие природата на таквиот интерес на седницата на Комисијата, на која се разгледува и одлучува по тоа прашање и истото се евидентира во записникот од таа седница. Должноста за откривање на природата на интересот се однесува и во случаите кога на седницата на Комисијата се расправа и се одлучува за некое прашање за кое интерес имаат брачниот другар или лице во сродство во права линија на претседателот, односно Комисионерот*

*2) Претседателот, односно комисионерот од ставот (1) на овој член не присуствуваат за време на расправата и одлучувањето по тоа прашање. "*

Од друга страна Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси во член 73 предвидува дека :

*„ 1) Ако службено лице учествува во расправа на орган или тело во кое се одлучува за работи за кои тоа или блиско лице има приватен интерес, службеното лице е должно да го пријави постоењето на приватниот интерес и да се изземе пред расправата и одлучувањето, а најдоцна пред почетокот на одлучувањето.*
*(2) Органот или телото на чија седница лицето од ставот (1) на овој член го соопштил постоењето на приватен интерес, е должно тоа да го констатира и внесе во записник."*

Со оглед на фактот дека во конкретниот случај веќе е поведена и се води постапка пред ________________, ДКСК заклучи дека прашањето за евентуално изземање на комисионерот за кој од наводите од пријавата произлегува дека има приватен интерес во конкретниот случај е во исклучива надлежност на __________________.

Од сето горе наведено произлегува дека нема елементи за натамошно постапување на ДКСК во конкретниот случај поради што предлагам ДКСК да донесе одлука со која пријавата ќе се запира.

Од наведените причини ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседател
Адем Чучуљ

По заклучок од седница на ДКСК :
Одобрил: Б.Џ., член на ДКСК